Врз основа на член 93 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ“ бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л НИ К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТА НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ

Член 1

Во Правилникот за работа на лекарските комисии кои учествуваат во постапката за остварување на правата според Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ“ бр. 58/96), во членот 17 став 2, во алинејата 1 бројот „1%“ се заменува со бројот „2%“ во алинејата 2 бројот „1,2%“ се заменува со бројот „2,4%“, во алинејата 3 бројот „0,8%“ се заменува со бројот „1,6%“ и во алинејата 4 бројот „0,9%“ се заменува со бројот „1,8%“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-1084/2
октомври 1999 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Бедредин Ибраими,** с.р.